**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Роза Родиќ**
**именуван за подрачјето на**
**Основен граѓански суд Скопје**
**Основен кривичен суд Скопје**
**ул.Јордан Мијалков бр.34/1-1**
**"тел. 02 3221-956**
**e-mail: izvrsitelroza@gmail.com"**

**Образец бр.66**

**И.бр.499/23**

Извршителот **Роза Родиќ** од **Скопје** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **Друштво за произвотство, трговија и услуги ГРИН СОЛАР ЕНЕРГИЈА ДООЕЛ Кавадарци (Солемизација-(потврда) на приватна исправа Договор за отстапување на побарување ОДУ бр.104/26 од 9.04.2026 год. на Нотар Наталија Кујунџиева Кавадарци)** од Кавадарци со ЕДБ ///////// и седиште на ул.Илинденска бр.16, засновано на извршната исправа Решение НПН бр.1590/23 од 07.06.2023 на Нотар Дејан Павлоски од Скопје, против должникот **Друштво за производство, трговија и услуги АГРО - СОЛАР ДООЕЛ Скопје** од Скопје со ЕДБ ////////// и седиште на ул.Хашка бр.1-9, за спроведување на извршување во вредност 3.544.010,00 ден., на ден 18.06.2026 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРВА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА ПРВА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како: КП 3737, запишана во имотен лист бр. 5092 за КО КАВАДАРЦИ-ВОНГРАД при АКН на РСМ, Одделение за катастар на недвижности Кавадарци со следните ознаки:

- КП 3737, дел 0, адреса КРСТОТ, бр. на згр. 3, намена на згр. Г2-1, влез 1, кат ПР, број 1, намена на посебен/заеднички дел од згр. ДП, со површина од 441м2, право на СОПСТВЕНОСТ
- КП 3737, дел 0, адреса КРСТОТ, бр. на згр. 3, намена на згр. Г2-1, влез 2, кат ПР, број 1, намена на посебен/заеднички дел од згр. ДП, со површина од 55м2, право на СОПСТВЕНОСТ

сопственост на должникот **Друштво за производство, трговија и услуги АГРО - СОЛАР ДООЕЛ Скопје**.

Продажбата ќе се одржи на ден 09.07.2026 година во 13,30 часот во просториите на Извршител Роза Родиќ Скопје на ул.Јордан Мијалков бр.34/1-1 во Скопје.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок за утврдување на вредност на недвижност И.бр.499/23 од 12.06.2026 година врз основа на чл.177 од ЗИ на извршителот Роза Родиќ од Скопје, изнесува 104.800,00 Евра во денарска противвредност износ од 6.445.200,00 денари, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености Нотарски акт договор за залог ОДУ бр.695/12 од 02.10.2013 год. На Нотар Благој Кичев, Согласност за адаптација-делба на зграда 3 на КП3737 број 03-6828 од 19.02.2016 на Уни банка АД Скопје, Решение за обезбедување на даночно побарување во присилна наплата бр.27-12/ДДВ/32611/3 од 09.01.2024 год на МФ на РСМ, УЈП Скопје, Решение за обезбедување на даночно побарување во присилна наплата бр.28-12/ПДД/59/3 од 09.01.2024 год. На МФ на РСМ, УЈП Скопје, Налог за извршување И.бр.499/23 од 13.07.2023 година на Извршител Роза Родиќ од Скопје. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста износ од 644.520,00 денари најдоцна до 07.07.2026 година

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 200002050519076 која се води кај Стопанска Банка АД Скопје и даночен број МК5080010500798.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Сите јавни давачки за пренос на сопственоста на недвижноста паѓаат на товар на купувачот.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање дневен весник Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
**Роза Родиќ**